Република Македонија
Академија за судии и јавни обвинители

2013

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2013 ГОДИНА



**СОДРЖИНА**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ........ 4

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 4

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ........ 4
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5

IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ........ 9

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 11

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ........ 12

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ........ 13

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ........ 25

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 30

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ........ 32

XI БИБЛИОТЕКА ........ 32

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 34

XIII СТАТИСТИКИ ........ 34

XIV ЕВАЛУАЦИЈА ........ 36

XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ........ 37



**Јануари 2014, Академија за судии и јавни обвинители**
**www.jpacademy.gov.mk**

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија (во понатамошниот текст Академијата) во 2013 година, продолжи со остварување на својата визија и мисија и продолжи да се промовира како модерна институција за обука на правосудството, која обезбедува профил на судии и обвинители, кои ќе ги почитуваат демократските принципи, владеењето на правото, човековите права и слободи, општествената правда и принципите на меѓународното право, како заеднички европски вредности, врз кои се темели интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија.

Во таа насока, Академијата, продолжи да го зајакнува партнерството со тренинг институциите на земјите од регионот и на државите – членки на Европската Унија, а особено во делот на имплементацијата на тренинг модулите за борба против тероризмот и организираниот криминал, како интегрална компонента на надворешната политика на Република Македонија. Со цел успешно спроведување на процесот на хармонизација на домашната легислатива со легислативата на Европската унија, Академијата продолжи со реализација на уште една многу значајна дејност а тоа е преведување и објавување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, како и на други релеванти документи, кои ќе придонесат за јакнење на ефикасноста на правосудството во Република Македонија.

Академијата, од своето постоење до денес, континуирано членува и учествува во активностите на меѓународните тела и организации, во насока на размена на искуства и знаења, со цел подигнување на нивото на квалитет, ефикасност и јакнење на капацитетите на правосудниот систем. Ваквата заложба на Академијата за нејзино интегрирање во активностите на сите позначајни тела на Европската унија и Советот на Европа, како што се ЕЈТН, ГРЕКО Комитетот при Совет на Европа, Советодавниот совет на европските судии, Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ) и многу други, ќе продолжи и во иднина, бидејќи тие претставуваат значаен извор на компаративни информации и документи, со кои се обезбедува квалитетно и ефикасно правосудство, а претставуваат и исклучителна можност за промовирање на правосудниот ситем на Република Македонија.

Академијата е силно поддржана од меѓународната заедница и преку голем број на завршени и тековни проекти со амабасадите на САД, Велика Британија, Германија, Франција и Холандија, постојано ги зајакнува институционалните капацитети, и на тој начин успешно продолжува да ја остварува “клучната улога во унапредување на знаењата и вештините на судиите и обвинителите“, како што е цитирано и во последниот Извештај за напредок на Република Македонија од страна Европската Комисија.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 88/2010, 166/2012 и 26/2013) го уредува работењето на Академијата, како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, како и работењето на органите на управување и финансирањето на Академијата.

Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011, 20/2011 и 50/2012) и подзаконските акти, поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на вршењето на сите сегменти од дејноста на Академијата.

## III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор на Академијата (понатаму УО), во текот на 2013 година, продолжи со својата работа во рамките на која беа одржани 6 седници, на кои се разгледуваа прашања од делокругот на неговите надлежности. Во таа смисла, УО, на предлог на директорот или Програмскиот совет на Академијата, усвои подзаконски акти, извештаи и програми.

Во текот на 2013 година, Управниот одбор ја следеше состојбата во врска со приемот на 5-та генерација на слушатели на почетна обука во Академијата.По објавените огласи на УО, пријавените кандидати кои ги исполнуваа критериумите за влез во Академијата, полагаа приемен испит по чие завршување, 13 кандидити се стекнаа со статус на слушатели на почетна обука и на 11.12.2013 та година, започнаа со теоретската настава, согласно Програмата, усвоена од страна на Управниот одбор на Академијата.

Управниот одбор беше редовно известуван од страна на директорот на Академијата за сите тековни активности поврзани со дејноста и работењето на Академијата, врз основа на кои донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност, разгледуваше понуди за проекти и даваше насоки за соработка со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата, постапувајќи во рамките на своите надлежности предвидени со Законот и со Статутот на Академијата, одржа седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и утврди повеќе програми и тоа за приемниот испит и за почетната обука.

Програмскиот совет континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, наставните методологии и техниките во соработка со предавачите и менторите и со директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во новата Програма за почетна обука-теоретска настава врз основа на која се обучува новата генерација на слушатели на почетна обука, Програмскиот совет го вгради концептот, предложен од ИПА Проектот и во неа фокусот е на практичниот пристап со примена на современи наставни методи и техники и комбинација на теоретски предавања и практични вежби, симулации и следење на судењата во судовите.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2013 година, директорот, како раководен и извршен орган на Академијата, ги вршеше сите надлежности предвидени со Законот, Статутот и другите подзаконски акти. Во таа смисла, во рамките на раководењето со работата на Академијата ги спроведуваше одлуките на Управниот одбор, поднесуваше предлози за донесување на општи акти, и програми, претседаваше со седниците на Програмскиот совет, учествуваше во работата на седниците на Управниот одбор, на кои редовно поднесуваше извештаи за остварените активности на Академијата во периодот помеѓу две седници. Ја застапуваше и ја претставуваше Академијата во соработката со домашни и меѓународни органи, организации и проекти и вршеше други работи неопходни за работењето на Академијата и за обезбедување услови за нејзино секојдневно нормално функционирање.

Во 2013 та година, директорот ги продолжи активностите како член на Судско-буџетскиот совет, како претседател на работната група, формирана во Министерството за правда, превземаше активности за изработка на Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, како член, учествуваше на состаноците на работната група за измените на Кривичниот законик, учествуваше во изготвувањето на материјалите за напредната обука за новиот ЗКП.Како член, учествуваше на состаноците во Советот на судски реформи, како и на состаноците на меѓуресорското тело за борба против корупција. Учествуваше во активностите на работната група на проектот на Државната комисија за спречување корупција на проектот „Поддршка во развојот на системот на пријавители во РМ во организација на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК)“, во соработка со Амбасадата на Велика Британија.

Како директор на Академијата ги реализираше обврските, кои, во делот на обуките, произлегуваат од заклучоците на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Во овој период се воспостави практиката на организирање на заеднички семинари со правосудните институции од другите држави од Регионот, со учество на странски експерти од ЕУ, а со цел размена на компаративни

искуства помеѓу домашните судии и судиите од другите земји, кои ќе бидат во насока на ефикасно имплементирање и примена на меѓународните стандарди и правото на ЕУ во националното законодавство.

Во текот на 2013 година, директорот на Академијата одржа предавања, излагања и воведни обраќања и учество на 30 позначајни семинари, работилници и тркалезни маси, организирани во соработка со домашни и странски проекти и со учество на странски предавачи и гости. Како предавач, излагаше теми од новиот ЗКП, и тоа во однос на базичните обуки и напредните обуки за забрзаните постапки, спроведени од Академијата, но и од Центарот за обука при МВР на РМ, ги презентираше најновите документи на ЦЦЈЕ Комитетот на Советот на Европа, а особено Мислењето бр.16 од 2013 та, кое се однесува на односите помеѓу судиите и адвокатите, како и најновите документи на Советот на Европа во однос на Судството и медиумите, учествуваше во подготовка на публикациите, издадени од страна на Академијата.

Во текот на 2013 та година, директорот изврши промоција на неколку публикации на Академијата, од значење не само правосудството на РМ, туку и за претставниците на другите правни професии, како и за студентите на правните факултети и тоа :

- Публикација со пресуди на ЕСЧП, издадена во рамките на Проектот МАТРА за јакнење на македонската судската пракса, во која се содржани македонски преводи на 20 пресуди на ЕСЧП против други држави, издадена по повод завршната Конференција за Проектот;
- Публикациите: „Практичен водич за критериумите за допуштеност на жалбите пред Европскиот суд за човекови права“ и „Европско право“ издадени во соработка со Германската фондација за меѓународна правна помош ИРЗ во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, Нардониот правобранител на Република Македонија и Адвокатската комора на Република Македонија;
- Збирката на „ Пресуди во врска со дискриминација од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и судот на правдата на Европската унија “, а истата е дел од активностите содржани во Меморандумот за соработката кој го потпишаа директорите на Академијата за судии и јавни обвинители и Комисијата за заштита од дискриминација;
- Збирка на „Пресуди на ЕСЧП за членот 10 – слобода на изразување“ – 70 пресуди преведени на македонски јазик, во два тома

Директорот оствари работни состаноци со претставници на многубројни домашни и меѓународни институции. Во текот на изминатата година, во пресрет на приемот на петтата генерација на слушатели на Програмата за Почетна обука, директорот на Академијата заедно со претставници од Академијата, оствари повеќе информативни промотивни средби со заинтересираните кандидати од сите апелациони подрачја

Во правец на подготовка на новиот концепт на почетна обука директорот на Академијата, оствари посета на Правосудната школа на Шпанија (Escuela Judicial Espanola) со подршка на (TAIEX) при Европската Комисија на Европска Унија.

Потпишани Меморандуми во текот на 2013 година :

**Потпишани меморандуми во текот на 2013 година:**

- 06 февруари 2013 година беше потпишан Меморандумот помеѓу Академијата и Управата за јавни приходи на Република Македонија, за соработка помеѓу двете институци.Меѓусебната соработка ќе се одвива во рамките на законската надлежност на двете институции, а во насока на соодветна примена на законите од областа на даночното законодавство од страна на практичарите на правото.
- 18 мај 2013 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Академијата и Адвокатската комора на Република Македонија во правец на продлабочување на меѓусебната соработка во постојаното стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и адвокатите, преку заедничко координирано дејствување во остварувањето на овие заеднички цели.

Во рамките на редовните работни активности, во ГРЕКО (Совет на Европа), во својство на шеф на Делегацијата на Република Македонија во Комитетот ГРЕКО, присуствуваше на 59, 60, 61 и 62- от Пленарен состанок, што се одржаа во периодот од март до декември 2013 година и во таа насока, во соработка со Министерството за правда на РМ, ги реализираше активностите во правец на имплементација на обврските од Третиот и Четвртиот Круг на Оценка на ГРЕКО, и тоа подготовка на Одговорите на Прашалникот за Четвртиот Круг на оценка, организација и реализација на на Оценската мисија на ГРЕКО подготовка на Нацрт Извештајот, како и Извештајот за состојбата за постапување по препораките, зададени со Третиот Круг на оценка.

Во рамките на обврските како Шеф на Делегацијата на ГРЕКО во правец на широка дистрибуција на активностите и документите на ГРЕКО, на повеќе семинари во организација на Академијата или со други соработници и особено ДКСК, ги презентираше активностите на ГРЕКО од III-от круг на евалуација и препораките во однос на Република Македонија, како и компаративна анализа во поглед на имплементирање на препораките на ГРЕКО во другите држави членки.

Во насока на спроведување на препораките кои произлегуваат од Пленарените состаноци на Комитетот ГРЕКО како излагач директорот на Академијата имаше излагања на советувања на теми од областа на Етичкиот кодекс / Конфликт на интереси / Антикорупциски мерки“, како и презнетација на препораките дадени на одделни држави кои веќе го поминаа 4-от Круг на Евалуација на ГРЕКО, во однос на превенција на корупција на пратениците, судиите и обвинителите.

- Конференцијата на тема „Добри практики и предизвици на политичките партии и финансирањето на изборните кампањи“, која ја организираа Државната комисија за спречување на корупцијата, Делегацијата на Европската Унија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, директорот на Академијата во својство на Шеф на Делегацијата на ГРЕКО Комитетот при Совет на Европа, ја изложи работата на ГРЕКО Комитетот,

активностите на Република Македонија, исполнувањето на обврските согласно Препораките добиени од ГРЕКО, при што ги презентираше и најдобрите практики од другите држави членки на ГРЕКО кои се однесуваат на политичките партии и финансирањето на изборните кампањи.

На Регионалната работилница на тема „Судиска етика и борба против корупцијата во правосудството која се одржа во Скопје, во организација на Академијата и Германската фондација за меѓународна правна соработка, (ИРЗ) и Сојузот на германските судии, имаше излагање на тема ,,Досегашните искуства на ГРЕКО во врска со превентивните механизми за спречување на корупцијата и домашните искуства” “

Како дел од активностите во рамките на долгогодишната успешна соработка помеѓу Академијата и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија и Државната правосудна школа на Франција, директорот оствари работни средби во сите делегации, правни експерти, и претставници од Р.Франција. Во октомври 2013 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ пред посдипломците на правните студии, со француските експерти, ги презентираше фазите од целокупниот процес на концепирање и спроведување на почетната обука.

Како дел од многубројните активности во рамки на меѓународната соработка директорот оствари посети:

- Во ноември 2013 година, на 6-та Меѓународна конференција за судска обука која се одржа во Вашингтон, САД, ги презентираше активностите на Академијата како дел од правосудниот систем на Република Македонија во светски рамки.
- Во декември 2013 година, на покана на Министерството за правда на Република Чешка, во својство на Шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО Комитетот, на Конференцијата на тема „Половата димензија на корупцијата“во организација на ГРЕКО Комитетот, имаше предавање за улогата на жената пратеник, судија и обвинител во јакнењето на анти-корупциските механизми, при што беа презентирани состојбите и идните перспективи на Република Македонија на полето на ефикасно спроведување на борбата против корупцијата;

За извештајниот период, директорот на Академијата заради поголема транспарентност во работењето на Академијата имаше вкупно седум интервјуа, од кои 2 со МИА за реализираните активности на Академијата и содржината на Годишниот извештај. Заедничко интервју за „Дојче Веле“ со д-р Марин Мрчела, претседател на ГРЕКО Комитетот за “ Напредувањето на Македонија против корупцијата“, и интервјуата со „24 Вести“ , „Глас на Америка“, „ Академик“ и дневниот печат „Дневник“.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2013 година донесе бројни одлуки согласно Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, Законот за државни службеници, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за безбедност и

здравје при работа, Законот за постапување по претставки и предлози, Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и други одлуки што произлегуваа од потребите за непречено одвивање на дејноста на Академијата.

Согласно Измените на Законот за државните службеници, што стапи на сила во 2013 година, директорот на Академијата вршеше и оценување на државните службеници, што со новите измени се врши на шест месеци или двапати годишно.

# IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата и во текот на 2013 година ги извршуваше сите активности и задачи неопходни за нејзино непречено функционирање, со што даде значителен придонес во остварувањето на сите планирани и зацртани цели од сите сегменти на работењето на Академијата, како и за нејзино институционално зацврстување во предлагањето и спроведувањето на сите програми, поддршка во остварување на надлежностите на органите и телата на Академијата, поддршка на предавачите и менторите како носители на едукативниот процес, организација на студиски посети и обуки во странство, како и поддршка во организацијата на приеми на странски делегации во Академијата. Навремено беа извршени и сите обврски и приоритети што произлегуваат согласно прописите за работни односи, јавните набавки, буџетот, како и други активности со коишто се овозможи унапредување на работата на Академијата.

Вработените во стручната служба со своето присуство и активното учество во креирање и реализација на обуките, низ непосредните контакти со предавачите, менторите и учесниците на обуките, ги стекнуваат информациите и сознанијата за корисноста на обуките и сè повеќе ја добиваат значајната улога на предлагачи и креатори на програмите за следните обуки.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ

Учеството на државните службеници на разни обуки резултираше со стекнување нови сознанија неопходни за секојдневно извршување на работите, со што државните службеници ќе можат ефикасно и стручно да одговорат на работните обврски. Изборот на обуките беше направен согласно работните обврски на секој вработен поединечно, па оттаму и застапеноста на генеричките обуки кои се нужни за секој државен службеник, независно од описот на неговите задолженија.

Академијата остварува континуирана соработка со Агенцијата за администрација, Бирото за јавни набавки, Судско-буџетскиот совет и други институции и организации што се занимаваат со обука на државната и јавната администрација.

Во текот на 2013 година завршена е имплементација на системот за микроучење Knowledge Pulse во Академијата за судии и јавни обвинители со инсталирање на апликацијата Knowledge Pulse на персоналните компјутери на вработените во Академијата за судии и јавни обвинители.

Во однос на понатамошното користење на електронскиот начин на учење или микроучење на долг рок, со примена на модерната технологија во начинот на спроведување на обуките на службениците, ќе се придонесе кон зголемување на степенот на професионалноста и стручноста на вработените.

Во текот на 2013 година, вработените посетија и голем број обуки наменети за државни службеници, а целта беше нивното професионално надградување и стручно и ефикасно работење на повеќе актуелни теми и тоа за системот за микроучење, Медијацијата во РМ: основни принципи, можности и предности, Административно работење, Конзистентна примена на Законот за електронско управување, Вовед во Е-влада, Управување со проектен циклус, Управување со ефикасност-буџет и финансии, Конзистентна примена на Законот за јавни набавки, Управување со човечки ресурси, Антикорупциски мерки и етика во државната служба, Основи на ЕУ и др.

Покрај тоа, вработен во стручната служба учествуваше на регионална работилница за организиран криминал во областа на интелектуалната сопственост организиран од Државниот завод за индустриска сопственост, семинар за пристапните преговори во ЕУ, за поглавјата 23 – Правосудство и фундаментални права, организирани од Секретаријатот за европски прашања во соработка со Развојната програма на Обединетите нации (УНДП).

Академијата како членка на на Европската мрежа за размена на информации помеѓу лицата и субјектите одговорни за обука на судиите и јавните обвинители (Лисабонска мрежа) во рамките на Советот на Европа и во 2013 година продолжи активно да учествува во Програмата HELP, чија цел е интегрирање на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји-членки.

## УЧЕСТВО НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ

Исто така, вработените во стручната служба на Академијата, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, земаа активно учество во својство на членови на работни групи и координативни тела при Министерство за правда, Државен завод за индустриска сопственост, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика.

Во рамки на МАТРА Патрол Проектот „Предпристапни обуки за владеење на правото“, во текот на месец септември 2013 година, претставник од Академијата учествуваше на 10 дневната обука посветена на темата: „Пристап до правдата“, која ја организираше Кралството Холандија, а која се одржа во Хаг, Холандија. На обуката присуставa 25 учесници, правни практичари и претставници на релаванти правосудни институции од Македонија, Црна Гора, Србија, Косово, Босна и Херцеговина и Турција.

Целата на обуката беше да се стимулира и поддржи реформскиот процес во правосудството на овие држави преку размена на компаративни искуства и добри практики кои ќе помогнат во градењето на ефикасен, непристрасен и високо професионален правосуден систем.
Секако, ваквите обуки претставуваат и одлична можност да се презентира правосудниот систем на една држава надвор од нејзините граници и притоа да биде земена како позитивен пример за брз и ефективен развој.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2013 година, во Академијата, покрај директорот, беа ангажирани вкупно 16 државни службеници, еден ангажиран на проект и 3(три) волонтери.

Графички прикажана, структурата на вработени во Академијата изгледа вака:




## VI ПОЧЕТНА ОБУКА -

Во текот на 2013 година направени се сите неопходни подготовки за прием на

петтата генерација слушатели на почетна обука, согласно условите предвидени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители од 2010 година и тоа подготовките за спроведување на психолошките тестови и тестот за интегритет и во правец на привлекување на кандидати за почетната обука.

Во однос на приемот на 5-та генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители, квалификацискиот тест се одржа во септември 2013 година, при што 13 кандидати со успех го положија квалификацискиот тест. По квалификацискиот тест се спроведе психолошкиот тест односно тестови, и тестот за интегритет. Во октомври/ноември се спроведе писмениот и усниот дел од испитот.

Со успешно завршување на приемниот испит, кандидатите се стекнаа со статус на слушатели на почетна обука во Академијата и засноваа работен однос на определено време со Академијата, за периодот на спроведувањето на почетната обука како и во периодот по завршувањето на почетната обука, до изборот на кандидатот за судија или јавен обвинител во основен суд односно основно јавно обвинителство.

Почетната обука-теоретска настава започна на 11 декември 2013 година.

Теоретската настава во почетна обука согласно Законот ќе трае 9 месеци и истата ќе се одвива во три модулуи. Првиот модул ги опфаќа, граѓанско право, трговско право, уставно право и информатички технологии и правно истржување. Вториот модул ги опфаќа кривично право, криминалистика, судска медицина, судска психијатрија, комуникациски вештини, управување со предмети и односи со јавноста и странски јазици(правна терминологија). Третиот модул ги опфаќа меѓународно право, право на ЕУ, етика, деловна култура и деонтологија, судска психологија и реторика.

Паралелно со наведените активности се интензивираат и активностите за привлекување на нови квалификувани кандидати, вклучувајќи засилени информативни кампањи и соработка со универзитетите во Република Македонија.

Од постоењето на Академијата за судии и јавни обвинители, четири генерации на кандидати или вкупно 80 кандидати, ја завршија почетната обука во Академијата. Од нив, заклучно со 2013 година , избрани се 71 кандидат, од кои за судии се избрани 37 кандидати, а за јавни обвинители 34 кандидати.

Во текот на 2013 година избрани се вкупно 11 кандидати кои завршиле во Академија од кои 2 ца се избрани за судии и 9 за јавни обвинители.

**Национална структура на избраните кандидати на почетна обука**




## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Следејќи ги најновите измени на домашната легислатива со цел нејзино усогласување со меѓународните документи, нашето правосудство и Академијата, како институција што претставува алка во процесот на правосудни реформи, со особено внимание ги следат модерните трендови и текови на европското правосудство, со цел подобрување не само на независноста, туку и на ефикасноста и отвореноста на судството.

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и Годишниот каталог на активности за 2013 година.

Обуките беа фокусирани на најважните области на правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската пракса, како и обуки за комплементарни вештини и специјализирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители според посебно дизајнирана програма за обука. Особен акцент беше ставен на обуките во областите и темите, кои со Партнерството за пристапување беа посочени како приоритетни за усогласување на законската регулатива со acquis, а коишто, исто така, се предвидени и со *Националната програма* за усвојување на правото на Европската унија (*НПАА*), особено обуки во следните области: обуки за измените и дополнувањата на Законот за парнична постапка, на Кривичниот законик и на новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, етика и судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, одделни области од правото на ЕУ итн.

Поголемиот дел од обуките што ги спроведе Академијата беа мултидисциплинарни, на кој начин, Академијата обезбедува интердисциплинарен состав на предавачите и на учесниците.

## БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2013 ГОДИНА

Во периодот од 1 јануари 2013 година до 31 декември 2013 година во организација на Академијата реализирани се вкупно 272 обуки, со учество на 7366 учесници, од коишто 4151 учесници беа судии, 1256 јавни обвинители, 796 стручни соработници од судовите и обвинителствата и 1133 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.




## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 272 обуки во извештајниот период, 149 обуки се во самостојна организација на Академијата, додека 123 обуки Академијата ги организираше во соработка и делумно или целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.

**Организација на обуките во 2013 година**
**Вкупно 272 обуки**




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 69 обуки се од областа на граѓанското право, 117 обуки од областа на кривичното право, 4 обуки од областа на меѓународното право, 9 обуки од областа на правото на ЕУ, 13 обуки од областа на управното право, 10 обуки од областа на трговското право и 50 обуки беа посветени на општи теми. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:

**Обуки по области**




Во текот на 2013 година беа ангажирани вкупно 227 предавачи, од кои 173 домашни експерти и 54 странски експерти.




Од домашните експерти кои во текот на 2013 година земале учество за предавачи на обуките, 46 се судии, 15 се јавни обвинители и 112 други експерти, согласно областите што беа опфатени со обуките.




Во 2013 година, како резултат на постигнатиот рејтинг во домашните и меѓународните односи, Академијата продолжи со ангажирање експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од странските држави од највисоките инстанции,судии на врховните судови, уставните судови, државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се на листата на постојани предавачи, Академијата ангажираше и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки согласно НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

## ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАН СИСТЕМ НА ОБУКА

Академијата уште од самиот почеток, развива систем на децентрализирана обука, што е широко поддржан од сите целни групи во регионите преку системот на ангажирање лица за контакт за обуките и присуство на обуките на еден вработен од стручната служба на Академијата.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 209 обуки беа одржани во Скопје, 24 обуки во Битола, 14 обуки во Штип, 7 обуки во Гостивар, додека останатите 16 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија (Охрид, Струга, Струмица, Маврово и др.).




## КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

- **ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА**

Во текот на 2013 година се реализираа 11 советувања за судиите од граѓанските оддели на судовите во државата на кои учествувале вкупно 345 учесници, од кои 287 судии, 51 стручни судски соработници и 7 претставници на бизнис заедницата. Предмет на

советувањата беа теми кои во текот на првичната примена на новините во ЗПП се издвоија по својата актуелност, како и на барање на самите практичари.

Исто така беа спроведени 2 посебни обуки за судските службеници –доставувачи, на тема „Достава по Закон за парнична постапка“ на кои учествувале 42 доставувачи од сите апелациони подрачја.

- **ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА**

Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Република Македонија, по завршувањето на проектот за базичните обуки, спроведен во 2012 година, продолжи со реализација на проектот на напредните обуки за ЗКП. Обуките се одржуваа како специјализирани модули, соодветно за секоја фаза на кривичната постапка и беа фокусирани особено на новините во кривичната постапка. И на овие обуки се применуваше дотогашната методологија, согласно која учесниците, со помош на предавачите, во комбинација на кратки презентации и практични вежби, симулации и пишување процесни акти, беа запознаени со сите суштински измени на концептот на новиот Закон за кривичната постапка.

Реализирани беа вкупно 32 напредни обуки, од кои:

Модул 1: Предистражна постапка – 8 обуки;

Модул 2: Истражна постапка – 8 обуки;

Модул 3: Главна расправа – 8 обуки;

Модул 4: Посебни постапки – 8 обуки;

Модул 5: Редовни и вонредни правни лекови – 2 тркалезни маси, наменети за судиите на кривичните оддели во ВСРМ и апелационите судови, јавните обвинители во ЈОРМ и вишите јавни обвинителства, како и членови на ССРМ и СЈОРМ.

На обуките присуствуваа вкупно 896 учесници од кои 331 судија, 411 обвинители, 84 претставници од правосудната полиција и 70 адвокати.



Евалуацијата на обуките се спроведуваше преку пополнување евалуациски прашалници на крајот на секоја обука. Ангажираноста и посветеноста на секој од едукаторските тимови, заедно со активното учество на учесниците доведоа до тоа обуките да бидат оцените како исклучително успешни и корисни, а овој податок го поткрепуваат податоците добиени од евалуираните прашалници, со кои беше оценувана временската рамка, содржината и организацијата на секоја обука. Евалуираните прашалници од секоја обука се сумирани во годишен сумарен прашалник.

Податоците кои се добиени од евалуациите укажуваат за постоење задоволство кај учесниците на обуките од времетраењето на истите, од изборот на темите и нивната корист за учесниците, а особено позитивно беа оценети предавачите, во однос на кои оцени се даваат за: јасноста во презентациите, разбирливоста на инструкциите за вежби, употребата на визуелни средства, користењето практични примери и интеракцијата со учесниците. Во проценти, добиените податоци се прикажани подолу, на графичкиот приказ:





















## ➢ СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА – ЗА УПРАВНИОТ СУД И ВИШИОТ УПРАВЕН СУД

Во насока на имплементација на Стратегијата за обука на Управниот суд, која произлезе од ИПА Проектот „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд", во текот на 2013 година, Академијата продолжи со организација на специјализирани обуки за судиите и стручната служба на Управниот суд и Вишиот управен суд, при што самостојно или во соработка со домашни и странски партнери (Комисија за заштита на конкуренцијата, Биро за јавни набавки, Управа за јавни приходи, УНХЦР), беа организирани 12 советувања што тематски беа посветени на новините или примената на одделни закони од делокругот на надлежностите на управното судство.

Покрај тоа, Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на TAIEX инструментот при Европската Комисија на ЕУ организираше Регионална конференција на тема: "Азил и миграција" , со учество на претставници од земјите од регионот (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Србија) од редот на судиите на управните судови кои работат предмети од областа на правото на бегалците, претставници од Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, претставници на Канцеларијата на Народниот правобранител, претставници од Канцеларијата на UNHCR во Скопје како и претставници од правосудните академии од земјите учеснички на конференцијата(вкупно 54 учесници).

Во соработка со Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, за судиите на Управниот суд и Вишиот управен суд беше организирано предавање на тема „Управно право и управна постапка низ судската пракса на Република Франција" кое го одржа г-ѓа Катрин Амели Шасин, доцент на Правниот факултет во Каен и генерален секретар на Националниот институт за човекови права и слободи на Република Франција.

## ➢ ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во текот на 2013 година Академијата продолжи со континуирана едукација на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата од интелектуална сопственост и

доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст, Академијата самостојно или во соработка со државни органи и институции вклучени во системот на заштита на правата од интелектуална сопственост, организираше 9 обуки посветени на различни аспекти на заштитата на правата од индустриска сопственост и на авторското право и сродните права на кои учествуваа вкупно 205 учесници, од кои 187 учесници од правосудството на Република Македонија (165 судии, 12 јавни обвинители и 6 стручни соработници) и 22 учесници од други релевантни институции – претставници на Министерството за култура, Советот за радиодифузија на Република Македонија, Државен завод за индустриска сопственост, Државен пазарен инспекторат како и Координативното тело за интелектуална сопственост.

- **ОБУКИ ЗА ИЗМЕНИТЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

Во текот на извештајниот период Академијата организираше 17 обуки за измените на Кривичниот законик, на кои учествуваа вкупно 384 учесници. Поточно, беа одржани:

– **шест** обуки посветени за **видови на конфискација на приноси од кривични дела**, на кои учествуваа вкупно 113 учесници, од кои 56 судии, 41 јавен обвинител, 3 стручни соработници од судовите/обвинителствата, 3 претставници од Министерството за внатрешни работи, 2 претставници од Управата за јавни приходи, 3 претставници од Агенцијата за управување со конфискуван имот и 4 адвокати;

– **една** обука за **кривичните дела против изборите и гласањето (измени и дополнувања на Кривичниот Законик)** на која учествуваа 21 учесник, од кои 8 судии и 13 јавни обвинители;

– **три** обуки за **перење пари и даночно затајување** на кои учествуваа вкупно 77 учесници, од кои 19 судии, 26 јавни обвинители, 4 стручни соработници од судовите/обвинителствата, 3 претставници од Министерстовот за внатрешни работи, 2 претставници од Бирото за судски вештачења, 4 претставници од Управата за јавни приходи; 4 претставници од Финансиска полиција; 3 претставници ов Управата за финансиско разузнавање и 12 адвокати;

– **две** обуки за **одговорност на правни лица** на кои учествуваа вкупно 24 учесници, од кои 16 судии и 8 јавни обвинители;

– **две** обуки за **компјутерски криминал** на кои учествуваа вкупно 50 учесници, од кои 15 судии, 27 јавни обвинители и 8 стручни соработници од судовите/обвинителствата;

– **две** обуки за **трговија со луѓе и криумчарење мигранти** на кои учествуваа вкупно 79 учесници, од кои 41 судија, 27 јавни обвинители, 1 стручен соработник од судовите/обвинителствата, 2 претставници на Министерството за правда, 3 претставници од Министерството за внатрешни работи и 5 други учесници – претставници од други релевантни институции;

– **една** обука на тема „**Инкриминации во врска со поткупот / поткуп на службени лица / домашни и странски арбитри**“ на која учествуваа 20 учесници од кои 7 судии, 3 јавни обвинители, 5 стручни соработници од судовите, 5 претставници од МВР.

## ➢ ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Следејќи ги препораките на ГРЕКО (Група држави за борба против корупција) во однос на четвртиот круг на евалуација што се однесува на превенција на корупција на пратениците и на судиите и јавните обвинители, во подготовка на Република Македонија за евалуациска мисија на ГРЕКО, Академијата во 2013 година организирани се 7 обуки за судиите и јавните обвинители, 5 обуки за судките и јавнообвинителските службеници и 2 обуки наменети за судиите-поротници, на теми поврзани со етика, етичко однесување, спречување судир на интереси и антикорупциски мерки односно превенција на корупција и борба против корупцијата, и тоа:

- специјализирана обука наменета за претседателите на судовите на тема „Етички кодекс/Судир на интереси/Антикорупциски мерки“,на која учествувале 23 претседатели на судови;

- обука во соработка со Британска Амбасада на тема „Транспарентноста во функција на превенцијата на корупцијата во правосудството” на која учествувале 23 учесници од кои 14 судии, 6 јавни обвинители, 1 стручен соработник, 1 претставник на Судскиот совет на РМ и 1 адвокат ;

- обука во соработка со TAIEX Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската Комисија на ЕУ на тема „Борба против корупција/корупцијата во постапките за јавни набавки“ на која учествувале 22 учесници од кои 7 судии и 11 јавни обвинители, 1 стручен соработник и 3 претставници на ДКСК;

- обука во соработка со Програмата ОПДАТ на Амбасадата на САД на тема „Постапување по предмети од областа на јавната корупција“ на која учествувале 22 учесници од кои 7 судии и 15 јавни обвинители;

- обука во соработка со TAIEX Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската Комисија на ЕУ на тема „Етика на судиите и јавните обвинители/Спречување судир на интереси“ на која учествувале 28 учесници од кои 17 судии и 11 јавни обвинители;

- регионална конференција во соработка со Германската фондација за меѓународна правна (ИРЗ) на тема „Судска етика и борба против корупција во правосудството: Компаративни искуства и заеднички предизвици“ на која учествувале вкупно 55 учесници, од кои 3 членови на ССРМ, 3 членови на СЈОРМ, 29 судии, 6 судски советници, 3 претставници од ДКСК, 1 претставик од ОПДАТ, 2 претставници од Здружение на судии, и 8 судии од регионот (по 2 судии од Црна Гора, БиХ, Хрватска и Србија);

- обука на тема „Инкриминации во врска со поткупот / поткуп на службени лица / домашни и странски арбитри“ на која учествуваа 20 учесници од кои 7 судии, 3 јавни обвинители, 5 стручни соработници од судовите, 5 претставници од МВР

- 3 обуки за службеници на тема „Судир на интереси и други антикорупцсики мерки, практична имплементација“, на кои учествувале 53 судски и јавнообвинителски службеници;

- 2 обуки за службеници на тема „Етика на судските и јавнообвинителските службеници“, на која учествувале 68 службеници;

- 2 обуки за судиите-поротници на тема „Етика и судир на интереси“ на кои учествуваа 63 судии-поротници.

➢ **ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

**Обуки за примена на член 10 од ЕКЧП – слобода на изразување**

Заради соодветна примена на стандардите на Европскиот суд за човекови права во случаите на граѓанска одговорност за клевета и навреда, во текот на 2013 година, Академијата организираше специјализирана обука за судиите од граѓанските оддели на судовите надлежни да постапуваат по предметите од оваа област. Во рамките на оваа специјализирана обука се реализираа децентрализирано, по апелациони подрачја, 8 работилници на тема „Декриминализација на клеветата – граѓанска одговорност за клевета и навреда/Праксата на ЕСЧП во врска со член 10 од ЕКЧП и други релевантни права“, на кои учествуваа вкупно 188 учесници од кои 178 судии и 10 судски соработници.

Во рамките на соработката со Британската амбасада во Република Македонија, беа организирани 2 обуки за слободата на изразување а покрај тоа беше организирана и Конференција на тема „Член 10 од ЕКЧП-Слобода на изразување“ на која од страна на судијата во ЕСЧП, д-р Мирјана Лазарова Трајковска беше презентирана примената на член 10 од ЕКЧП во судската практика на ЕСЧП.

**Примена на член 5 од ЕКЧП**

За примена на член 5 од ЕКЧП, во соработка со Советот на Европа, беше организирана дводневна обука наменета за јавните обвинители и судиите од кривичните оддели на судовите како и адвокати.

**Примена на член 6 од ЕКЧП**

За примена на член 6 од ЕКЧП беа организирани 2 обуки од кои едната во соработка со Советот на Европа на тема „Член 6 од ЕКЧП-еднаквост на оружјата“ а другата во соработка со Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП на тема „Примена на член 6 од ЕКЧП во граѓанската постапка“.

## ➢ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Во рамките на Специјализираната програма за обука на новоизбрани судии и јавни обвинители, во текот на 2013 година спроведени се трите задолжителни повеќедневни модули на обуки: модул „Казнено право“ на кој учествувале 16 новоизбрани јавни обвинители и 19 новоизбрани судии кои постапуваат во предмети од областа на казненото право; модул „Општи теми“ на кој учествувале 40 новоизбрани судии и 10 новоизбрани јавни обвинители; и модул „Граѓанско право“ на кој учествувале 15 новоизбрани судии кои постапуваат во предмети од областа на граѓанското и трговското право.

## ➢ ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ

Во текот на 2013 година организирани се вкупно четири обуки за обучувачи, од кои две обуки се реализирани во самостојна организација на Академијата, а останатите две се во соработка со ОПДАТ, Амбасадата на Велика Британија и ОБСЕ. Обуките се однесуваа на следните теми: „Техники на учење возрасни, ефективни методи и техники за практична обука, техники на презентација / Планирање и моделирање обука, Напредна обука за вештини на водење на постапката за едукаторите на Законот за кривична постапка“, и Базична обука на новите обучувачи.

.

## ➢ ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во текот на 2013 година Академијата продолжи со стручно усовршување на судските и обвинителските службеници (согласно член 68 и 69 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители), кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и јавните обвинителства.

Обуките опфаќаа разни целни групи, и тоа: стручни државни службеници, раководни државни службеници и стручно-административни работници.

Согласно Програмата и Каталогот за обука на судските и обвинителските службеници, во 2013 година спроведени се вкупно 26 обуки на актуелни теми

Исполнувајќи ја и законската обврска, согласно член 42 од Законот за судовите со која судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители, Академијата во текот на 2013 година започна со спроведување на обуки наменети за судиите-поротници. Притоа, на крајот од 2013 година Академијата организираше 2 обуки за судиите-поротници на тема „Етика и судир на интереси“ на кои учествуваа вкупно 63 судии-поротници од скопските судови .

## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија која Академијата ја воспостави на самиот почеток на своето функционирање, со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2013-та година. Истата со успех продолжи со Врховниот суд на РМ, Јавното обвинителство на РМ, како и со Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на РМ, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, како и со другите министерства, државни органи и институции,Правните факултети, Адвокатската комора, Нотарската комора, невладиниот сектор.

**<u>ПРОЕКТИ СО КОИШТО СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА</u>**

Воспоставената соработка продолжи и со странските проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање бројни работилници, тркалезни маси, семинари, студиски престои:

- ЕИПА
- Амбасадата на САД во Република Македонија – ОПДАТ
- УСАИД, Проектот за јакнење на судството
- Британска амбасада
- Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија – TAIEX
- Германско друштво за меѓународна соработка - ГИЗ
- Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото
- Центар за меѓународна правна соработка (ЦИЛЦ) од Кралството Холандија
- Амбасада на Р. Франција и Правосудна Академија на Р. Франција
- Британски совет
- Германската фондација за меѓународна правна соработка - ИРЗ
- Совет на Европа
- АБА РОЛИ
- УНХЦР

- **<u>ПРОЕКТ „ЗА МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ПРАКСА“ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО (МАТРА)</u>**

Проектот содржеше три компоненти со кои се предвидени низа активности што ќе придонесат за подобрување и зајакнување на улогата и користењето на судската пракса во домашниот правен систем; ќе се зголеми свеста за улогата на судската пракса како дополнителен извор и ќе се подобрат пристапот и употребата на домашната и меѓународната судска пракса.

Во текот на 2013 година беа реализирани и активностите од последната компонента на овој проект,коишто резултираа со дизајнирање и воспоставување на нов веб портал во рамки на на веб-страницата на Врховниот суд на РМ (www.odluki.sud.mk ili www.vsrm.mk). На овој портал покрај преведените релевантни одлуки на Европскиот суд за човекови права против други држави, вкупно 38, можат да се најдат и релевантни судски одлуки на домашните апелациони судови, и тоа од граѓанските и стопанските одделенија, што за првпат во домашниот правосуден систем претставува успешен обид да на едно место се стават повеќе од 200 домашни одлуки кои се значајни за градењето на домашната судска пракса. Овој портал е отворен за сите оние коишто имаат интерес и желба поблиску да се запознаат со релевантната домашна и меѓународна судска пракса, што е особено значајно за јакнење на свеста за улогата на овој неформален извот на правото, јакнење на оравната сигурност и довербата на граѓаните во судскиот систем.

Оваа веб страна, како и сите други проектни резултати беа презентирани на пошироката јавност на 30 март, 2013 година, на завршната конференција што Академијата за судии и јавни обвинители ја организираше во соработка со CILC Центарот за меѓународна правна соработка од Кралството Холандија.

Со успешната реализација на овој проект се направи голем чекор напред на македонското судство во остварувањето на критериумите што се дел од процесот на реформите на правосудниот систем на Република Македонија, што, пак, од своја страна претставуваат еден од главните услови за влез на нашата држава во Европската унија.

- **БРИТАНСКИ СОВЕТ**

Во текот на 2013 и 2014 година, Британскиот совет, заедно со Министерството за труд и социјална политика на РМ, спроведува проект за подигање на свеста кај вработените во државните институции и органи за концептот на еднаквост, а со цел правилна примена на Законот за заштита и спречување од дискриминација.

Академијата е партнер во овој Проект за делот којшто ги опфаќа обуките за правосудството. Во текот на 2013 година, а во рамки на овие активности, беа спроведени 6 обуки, од кои четири за претсавници на судската адмонистрација, а две беа наменети за судиите од апелационите подрачја на Гостивар и Битола. Со овие обуки вкупно беа опфатени над 120 учесници, спгласно акциониот план за имплементација на проектните активности.

Овој проект ќе продолжи да се реализира и во првите три месеци од 2014 година, кога што и с епредвидени две обуки за судиите од скопското и штипското апелационо подрачје, како и уште една обука за вработените во судската администрација.

- **НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛОТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО**

Мисијата на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото, во текот на изминатите неколку години ја поддржуваше Академијата за судии и јавни обвинители (понатаму Академијата) во насока на понатамошен развој на ефективни и одржливи механизми за владеење на правото во согласност со принципите на ОБСЕ и меѓународните обврски на земјата преку имплементација на проекти што го зајакнуваат владеењето на правото, ја поттикнуваат независноста на правосудството и го зголемуваат професионалното ниво на правните експерти. Помеѓу најважните области се следните:

Покрај соработката со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје која се однесува на реализија на проектот за одржување напредни обуки за новиот Закон за кривична постапка, Академијата со мисијата соработуваше и за реализија на следните проекти:

Мисијата на ОБСЕ и Одделот за владеење на правото (RoLD) во стратегиско партнерство со Академијата го имплементира проектот за заштита од дискриминација, криминалот од омраза и феноменот на говор на омраза. Како резултат на активностите во 2011 и 2012 година, во текот на 2013 година, беа реализирани неколку настани согласно развиената програма за обука за концептот на еднаквост. Така беше одржана една обука за обучувачи, на која покрај суидии, беа присутни и адвокати и претставници на Уставниот суд на РМ, а во втората половина на годината беа одржани уште две дводневни обуки за дисеминација на стекнатите знаења од страна на тимовите на обучувачо присутни на првата обука. Со овие активности, над 50 учесници добија можност да ги прошират своите знаења во насока на јакнење на капацитетите на практичарите на правото во областа на недискриминацијата.

Како подршка за сите практичари, во рамките на овој модул, беше изработен и Водич за улогата на Комисијата за заштита од дисктиминација и преминување на товарот на докажување, како и збирка од 13 релевантни одлуки на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и Судот на Европската Унија во Луксембург, кои директно ја обработуваат дискриминацијата по различни основи и претставуваат релевантни одлуки на кои многу често се повикуваат судиите во горенаведените меѓународни судови.

Во рамките на соработката на Академијата со Мисијата на ОБСЕ, беше реализиран и еден модул на обука за судиите и јавните обвинители посветен на криминалот од омраза. Во рамки на овој модул, беа организирани три настани, од кои еден беше наменет за обука на идни обучувачи со присуство на стански и домашни експерти од оваа област, додека пак другите два беа организирани како дводневни сеинари за сите четири апелациони подрачја, кои претставуваа интересен форум за размена на мислења на овој чувствителен облик на криминал. Согласно искажаниот интерес, оваа соработка ќе продолжи и во 2014 година, со уште поголема подршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

- **<u>АМЕРИКАНСКАТА АДВОКАТСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО (АБА РОЛИ)</u>**

Во соработка и со финансиска поддршка на Американската адвокатска асоцијација за владеење на правото (АБА РОЛИ), како и во соработка со Адвокатската Комора на

Република Македонија во текот на 2013 година Академијата организираше 2 работилници во вид на симулирано судење за новиот Закон за кривична постапка на кои учествуваа вкупно 37 учесници - судии кои работат на кривична материја, јавни обвинители и адвокати, кои преку вежби ги разработија и анализираа сите аспекти и практични вештини поврзани со новиот Закон за кривична постапка.

Беа одржани и 12 обуки за форензика во соработка со Адвокатската Комора на Република Македонија и Здружението на судии и јавни обвинители на Република Македонија на кои учествуваа 206 учесници – јавни обвинители, јавнообвинителски службеници и адвокати.

- **СОВЕТ НА ЕВРОПА**

Во рамки на оваа соработка, беа организирани два дводневни настани посветени на членот 5 и членот 6 од Европската конвенција за човекови права. Првиот настан беше наменет за кривичните судии и јацвните обвинители, а фокусот беше ставен на оправданоста за определување на мерката притвот, нејзинити алтернативни решенија, како и поставеноста во новиот Закон за кривична попстапка.

Покрај домашните експерти, традиционално и двата настани беа збогатени со презентации на судии од Европскиот суд за човекови права во Стразбур, на кои покрај националниот судија, присутвуваа и судијата на Република Финска и судијата од Кралството Монако во овој суд.

- **ПРОГРАМАТА ОПДАТ ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

САД, преку Програмата ОПДАТ (Канцеларија за развој, помош и обука на јавните обвинители) при Министерството за правда на САД, уште од самиот почеток активно се вклучија во поддршка на реформите на кривичното законодавство и тоа во делот на обуките, со организирање обуки за обучувачите со врвни американски експерти за вештини на водење на постапката, особено во поглед на прифатените решенија од американскиот кривично правен систем, како и сертифицирање на нашите предавачи со лиценцата од Националниот институт за вештини на судењето, НИТА од Илиноис.

Во таа насока беше реализирана програма за партнерство помеѓу судиите на Република Македонија и САД за ефикасна примена на новиот ЗКП, стандардите за етичка и професионална одговорност на судиите, вештините за раководење со предметите, при што беше остварена размена помеѓу судиите од САД и судиите од РМ, кој овозможува развој на непосредни контакти и партнерски однос со колегите од САД, и воопшто продлабочување на соработката помеѓу македонското и американското правосудство.

**СОРАБОТКАТА СО УСАИД**

Во 2013 година продолжи соработката со Проектот на УСАИД за јакнење на судството при што со финансиска поддршка на Проектот, се реализираа двете работни средби на судиите од граѓанските оддели на апелационите судови со цел хармонизација на судската пракса во граѓанската и трговската област.

Во рамките на Програмата за континуирана обука на судиите, во соработка со Проектот на УСАИД беа организирани 3 специјализирани обуки за судиите од одделите за трговски спорови. Во делот на практичната примена на новините од ЗПП, беше организирано советувањето за примена на одредбите за електронска достава на писмена и на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Соработката со Проектот на УСАИД опфати и организација на Конференција за лидерство што беше наменета за претседателите на судовите, судските администратори и претседателите на одделите во судовите со проширена надлежност како и тркалезна маса за „Развој на безбедноста на информатичките системи во судовите“ на која разменија мислења нформатичарите од сите судови во државата. Исто така, беше организирана обука за судските доставувачи во поглед на доставувањето според ЗПП и ЗКП и посебна обука за овластените судски службеници во однос на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во декември 2013 година, Проектот на УСАИД за јакнење на судството во соработка со Центарот за институционален развој-ЦИРА, организираше тридневна работилница за изработка на новата Стратегија на судството за периодот 2014-2016 година, каде земаа учество претставници на сите релевантни институции од областа на судската власт како и претставник на стручната служба на Академијата.

- **<u>ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ</u>**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ, и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализира активности: Промоција на публикациите: “Практичен водич за допуштеноста на жалбите пред ЕСЧП” и “Европското право”, како и три обуки на теми од Законот за јавни набавки, Мобингот, како и Даночно затајување и перење пари. Исто така во рамки на оваа соработка, во 2013 година беше реализирана и регионална конференција на тема „Судска етика и борба против корупцијата во правосудството“, компаративни искуства и заеднички предизвици. Вкупно на сите обуки присуствуваа над 300 учесници, меѓу кои: судии, јавни обвинители, адвокати, преставници од министерствата и останатите институции.

# IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- **СТУДИСКИ ПОСЕТИ**

Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно е вклучена во организација на тренинг-активности со повеќе проекти, се интензивира соработката со школите за правосудна обука од други држави во разни сегменти, а со некои од нив соработката е официјализирана со потпишување меморандум за соработка.

Продолжи и праксата на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители, како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија на студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство.

Во текот на 2013 година, Академијата реализира вкупно 19 студиски посети во странство со учество на вкупно 49 учесници, од кои:




- **ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ TAIEX ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Академијата ја продолжи плодната соработка со инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската унија во поглед на организирање обуки од областа на правото на ЕУ и меѓународното право. Во соработка со инструментот TAIEX и со негова финансиска поддршка беа одржани 12 обуки на теми од областа на меѓународното право и правото на ЕУ

Во текот на 2013 година беа одобрени сите апликации TAIEX поднесени од страна на Академијата за техничка помош при организирање на одредени обуки што ќе се одржат во текот на 2014 година, исто така на актуелни теми од значење за унапредување на знаењата на судиите и обвинитлите за примена на меѓународните стандарди.

- **МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКА АМБАСАДА И АКТИВНОСТИТЕ ДО ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА ПО ПОТПИШУВАЊЕТО НА НОВИОТ ТРИГОДИШЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Во февруари 2012 година се потпиша нов тригодишен Меморандум за соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија со цел за унапредување на понатамошната француско-македонска соработка во областа на обуката на судии и јавни обвинители.

Значајна придобивка од активностите во рамките на почетната обука е можноста за изучување на францускиот јазик на основно и напредно ниво.

Значајно е да се подвлече дека во 2013 година Академијата во согласност со обврските преземени од потпишаниот Меморандум организираше 9 официјални посети во чии рамки 15 експерти од Република Франција ја посетија Академијата и правосудните институции во државата и имаа можност да разменат компаративни искуства со националните практичари на правото, а како дел од студиската размена помеѓу двете правосудните академии, во официјална посета на Академијата и релевантните институции беа 3 кандидати од ЕНМ предводени од 1 ментор. Во истиот период 3 кандидати од почетната обука на Академијата предводени од еден ментор на Академијата, присуствуваа на Европската недела во Франција, каде го презентираа правосудниот систем на Република Македонија и улогата на Академијата за судии и јавни обвинители во креирање на независни, професинални, етични и високо морални профили на судии и јавни обвинители.



- **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Академијата и Европскиот центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, во рамките на проектот за техничка помош на Луксембург за Република Македонија, „Правото на ЕУ за правосудството“, во текот на 2013 година реализираа вкупно 4 обуки посветени на правото на ЕУ со експерти на ЕИПА, што ги посетија вкупно 94 учесници

Исто така, од особено значење во рамките на соработката на Академијата со ЕИПА е номинирање на учесници на семинари во рамките на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави.

## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Академијата и во 2013 година продолжи да ја усовршува работата на постојниот софтвер, во насока на создавање на ефикасен комјутерски систем кој пред се ќе служи за полесно управување со внатрешните процеси и активности на Академијата, а воедно ќе обезбеди неопходната функционалност за лесно и едноставно секојдневно одржување и ажурирање на содржините на интернет-локацијата, како и лесно поврзување со другите интерни софтверски системи. Во 2013 година беше набавен нов бекап сервер, чија основна цел е поголема заштита од губење на податоците со кои располага Академијата. Во рамките на успешо воспоставената соработка со УСАИД, Академијата доби донација од 18 монитори Филипс 23 инчи, 4 персонални компјутери ХП, 18 тастатури и мауси, кои се наменети за слушателите од петата генерација во почетната обука.

Исто така, со цел да се обезбеди поквалитетна и модерна настава на слушателите на почетната обука во Академијата, набавен е Преносен систем за видео надзор кој ќе овозможи следење на судски процес во реално време, преку поврзување на истиот со судовите во Република Македонија.

## XI БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата за судии и јавни обвинители има голема улога во унапредувањето на знаењата на идните судии и јавни обвинители, но и во усовршувањето на знаењата на судиите и јавните обвинители, како и на судската и јавнообвинителската администрација.

Во таа насока, библиотеката продолжува со континуираното збогатување на библиотечниот фонд со законски текстови, домашна и странска правна литература и стручни списанија, со што Академијата им нуди на своите корисници широк спектар на правни текстови, како и линкови на бази на податоци што ги објавува на веб-страницата. Библиотеката го збогати библиотечниот фонд со уште неколку нови публикации во чијашто подготовка, промоција и дистрибуција активно учествуваше, а погоре детално наброени.

Во рамките на проектот ИПА, беше целосно надграден новиот библиотечен софтвер што овозможува полесна обработка на публикациите што го сочинуваат библиотечниот фонд. До крајот на 2013 година, во интерната е-библиотечна база се изработени над 1100 публикации, со што може да се констатира дека употребата на библиотечната база сега е достапна за крајните корисници.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап до колку што е можно поголем број информации од областа на правото, Академијата на својата веб-страница во текот на целата година ги објавуваше билтените на Меѓународната академија за антикорупција – IACA, како и други релевантни текстови што беа испратени до Академијата од страна на експерти и практичари на правото, а во континуитет објавува текстови посветени на медијацијата во САД. На веб-страницата на Академијата, како дел од соработката со Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа – CCEC, и Европската комисија за ефикасноста на правдата беа објавувани во континуитет сите релевантни документи донесени и усвоени од страна на овие две тела, преведени на македонски јазик.

Во насока на широко запознавање на стручната јавност во Република Македонија со работата на Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа и со работата на шефот на делегацијата, на веб-страницата на Академијата во датотека насловена „GRECO“, редовно се објавуваа сите активности на шефот на делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, како и релевантни документи усвоени од ова тело. Значаен дел од овие документи беа преведени и објавени на македонски јазик.

Академијата за судии и јавни обвинители силно го поддржува и активно е вклучена во процесот на преведување на релевантни документи, текстови и содржини од областа на правото, во таа насока, со посебно внимание ја следи и судската пракса на ЕСЧП, која се покажа како многу важен инструмент во секојдневната работа на правните практичари во Република Македонија. Со цел да овозможи поширок пристап до пресудите на ЕСЧП во врска со одделни членови од Европската конвенција за човекови права, Академијата и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како имплементирачки партнери од Македонија во Проектот на невладината организација „АИРЕ“ од Велика Британија се вклучија и партиципираат во создавањето на новата Веб страна на која ќе биде креирана Регионална база на преведени пресуди на Европскиот суд за човекови права, која ќе ги поврзе сите земји од Регионот. До денес, преведени се околу 100 пресуди на ЕСЧП против Македонија и 290 пресуди на ЕСЧП против други држави кои ќе бидат достапни преку Регионалната база до сите земји од Регионот.

## XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **БУЏЕТ**

За 2013 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 27.584.000,00 денари.

- **ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во текот на 2013 година, Академијата реализираше вкупно 27 јавни набавки

Во изминатата 2013 година согласно Заклучокот од Владата на Република Македонија за отпочнување на постапка за ангажирање на консултантска куќа за имплементација на ISO 9001-2008. Отпочнувањето и реализацијата на постапката за овој вид на јавна набавка е од особено значење се со цел да се имплементира систем за управување со квалитет на јавните услуги во работењето на Академијата кој ќе се базира на МК ЕН ИСО 9001:2008, како и да се подготви Академијата за сертификација на независно сертификациско тело.

## XIII СТАТИСТИКИ

Во 2013 година Академијата продолжува со редовно ажурирање на базата на податоци за судиите и јавните обвинители. Имено, редовно се внесуваат сите настанати промени во нивниот моментален статус (избор, пензионирање, разрешување, флуктуација од еден во друг суд или од едно во друго јавно обвинителство, унапредување, материја во којашто постапуваат), бидејќи од оваа база Академијата ги црпи сите параметри што се однесуваат на бројот на планирање советувања по области за постојано стручно усовршување согласно целните групи, понудувајќи доволен број советувања, со цел да им овозможи на сите целни групи да го исполнат задолжителниот број денови за тековната година.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2013**
**Вкупно судии и јавни обвинители**



**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2013 година**
**Вкупно судии**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2013 година**
**Вкупно јавни обвинители**



## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата во поглед на континуираната обука на судиите и јавните обвинители се спроведува преку пополнување евалуациски прашалници на крајот на секое советување. Преку нив се добиваат податоци за успешноста на понудената програма, за успешноста на целиот настан и за квалитетот на излагањето на предавачите. На тој начин може да се утврдат ефектите од советувањето, може да се влијае во насока на подобрување на наставата на предавачите, а пошироко се добиваат информации и за потребите на целните групи.

Добиените податоци говорат за исклучително високо ниво на задоволство кај учесниците на обуките од начинот на кој тие се организираат, од изборот на темите и нивната корист за учесниците, како и од изборот на предавачите и начинот на кој истите го реализираат настанот. Ваквите податоци се дополнителен поттик за Академијата да продолжи во насока на континуирано подобрување на обуките, со цел задржување на квалитетот на истите.

Евалуираните прашалници се сумирани во годишен сумарен прашалник, а податоците од него се прикажани подолу, на графичкиот приказ:






**Како го оценувате квалитетот на излагањата на предавачите**




**Дали сте задоволни од организацијата на обуката?**




## XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата, како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

Со цел поуспешно и потранспарентно работење, а воедно и навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата на својата веб-страница во текот на 2013 година објави повеќе од 360 постови (текстови и линкови), додека во соработка со Македонската новинска агенција – МИА, од страна на МИА беа покриени повеќе од 34 настани на кои учествуваа правни експерти од земјата и странство, национални и странски практичари на правото, како и високи претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија. Исто така, покрај МИА, дел од настаните беа медиумски покриени од страна на повеќе електронски и пишани медиуми од Републиката.

Во 2013 година, согласно статистиките забележана е зголемена посетеност на Веб страницата на Академијата, па така, оваа година Веб страната имала над 120.000 прегледи,

што укажува на тоа дека Академијата посветува посебно внимание на транспарентното работење, преку редовно објавување на нови содржини.

**Usage Statistics for Atlantis (jpacademy.gov.mk)**

**Summary Period: Last 12 Months**
**Generated 2-���-2014 03:03**

**Usage summary for Atlantis**




**By month summary**

| | Daily average | | | | Monthly totals | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Month | Hits | Files | Pages | KBytes | Distinct Visitors | Visits | Hits | Files | Unique Pages | KBytes | mS |
| �������� 2014 | 1414 | 634 | 292 | 188339 | 106 | 296 | 2828 | 1269 | 391 | 376677 | 722 |
| ��������� 2013 | 4924 | 2970 | 1146 | 252151 | 2553 | 9741 | 137873 | 83163 | 1122 | 7060236 | 830 |
| ���� 2013 | 3995 | 2371 | 933 | 231072 | 2509 | 9817 | 123838 | 73500 | 1232 | 7163229 | 901 |
| ����� 2013 | 3922 | 2306 | 999 | 309382 | 2549 | 9605 | 117671 | 69171 | 1577 | 9281457 | 925 |
| ��� 2013 | 3451 | 1831 | 844 | 312408 | 2314 | 9085 | 106987 | 56760 | 1391 | 9684644 | 971 |
| ���� 2013 | 4249 | 2313 | 964 | 364421 | 2710 | 9313 | 127464 | 69394 | 1445 | 1,093263E+07 | 950 |
| ���� 2013 | 3878 | 2058 | 962 | 302866 | 2486 | 9883 | 120204 | 63790 | 1421 | 9388834 | 1087 |
| ������ 2013 | 3198 | 1464 | 741 | 268374 | 2082 | 8968 | 99137 | 45370 | 1516 | 8319594 | 861 |
| ���������� 2013 | 4817 | 2398 | 968 | 400743 | 2758 | 12220 | 144513 | 71953 | 1528 | 1,20223E+07 | 1133 |
| ��������� 2013 | 6283 | 2792 | 1105 | 526120 | 3368 | 13789 | 194764 | 86547 | 1673 | 1,630971E+07 | 1008 |
| �������� 2013 | 6253 | 2522 | 973 | 567155 | 3340 | 11810 | 187592 | 75656 | 1710 | 1,701464E+07 | 908 |
| ��������� 2013 | 6736 | 2790 | 1105 | 566498 | 3850 | 15016 | 208802 | 86487 | 1796 | 1,756144E+07 | 862 |